РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-10
09.05.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До:** Адвокатка Мери Младеновска-Ѓорѓиевска
m.mladenovska@gmail.com

**Предмет:** Одговор на Претставка

Почитувана,

Агенцијата ја прими Вашата Претставка (наш бр. УПП 03/10 од 09.05.2025 г.) и ги лоцираше двата прилога на кои таа се однесува, емитувани во дневноинформативните изданија на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ – Скопје. Првиот: „Старателството кај таткото, мајката вели трпи закани“ е емитуван на 07.05.2025 година, а вториот: „Откако ѝ беше одземен синот, мајката Спасеска не знае како и кога ќе го гледа“, на 08.05.2025 година.

Сакаме да посочиме дека, согласно Законот за медиуми (ЗМ) и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ), медиумите се независни во својата уредувачка политика и самостојно одлучуваат за тоа што ќе емитуваат/објават на своите програми, но исто така, имаат и обврска да ги почитуваат начелата за вршење на дејноста од член 47-а од ЗААВМУ. Принципот – да се сослуша и другата страна – пред сѐ се однесува на почитувањето на професионалните новинарски стандарди, кои се предмет на саморегулација, поради што претставка можете да упатите до саморегулаторните тела: Советот на честа на Здружението на новинарите на Македонија и до Комисијата за жалби во Советот за етика во медиумите на Македонија – СЕММ, кои се надлежни за следење на почитувањето на Кодексот на новинарите.

Во поглед на остварувањето на правото на одговор и исправка, тоа е регулирано со Законот за медиуми (членови од 17 до 28). Согласно овој закон, лицето кое се чувствува засегнато од некоја медиумска содржина, треба да поднесе барање до одговорниот уредник на издавачот на медиум во писмена форма во рок од 30 дена од денот на објавувањето на информацијата на која се однесува одговорот/исправката. Медиумите се должни одговорот/исправката, кој е во согласност со одредбите од ЗМ, да го објават во рок од два дена од доставувањето, во спротивно, подносителот има право да поднесе тужба во граѓанска постапка.

Агенцијата ќе ја извести ТВ Телма за Вашата претставка, при што ќе апелира на почитување на професионалните стандарди и начела содржани во член 47-а од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**